Број 9 Година X

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925
www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за издавање под закуп на училишни спортски сали и друг простор (холови и училници) во основните училишта на територијата на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за издавање под закуп на училишни спортски сали и друг простор (холови и училници) во основните училишта на територијата на Општина Карпош, донесена на триесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-4505/1**
**Датум: 12.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 05/02), Советот на Општина Карпош на триесет и шестата седница, одржана на 11 јуни 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за издавање под закуп на училишни спортски сали и друг простор (холови и училници) во основните училишта на територијата на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува издавањето под закуп на училишни спортски сали и другиот простор во општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош:

- ООУ „Аврам Писевски“-Бардовци
- ООУ „Братство“
- ООУ „Вера Цириврии-Трена“
- ООУ „Владо Тасевски“
- ООУ „Димо Хаџи Димов“
- ООУ „Јан Амос Коменски“
- ООУ „Лазо Трповски“
- ООУ „Петар Поп Арсов“
- ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“ и
- ООУ „Војдан Чернодрински“ – холови и училници

Училишни спортски сали и другиот простор, предмет на издавање под закуп од став 1 на овој член ќе се издаваат за периодот од една учебна година - 2015/2016.

**Член 2**

Постапката за издавање под закуп на училишни спортски сали и другиот простор (холови и училници) во основните училишта од подрачјето на Општината, ќе ја спроведе Комисијата формирана од Градоначалникот на Општина Карпош, по предходно утврдени критериуми од страна на Комисијата за спорт при Советот на Општина Карпош.

**Член 3**

Висината на закупнината изнесува:

- за закуп на училишен хол 5 евра за еден час, во денарска противвредност сметано според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата

- за закуп на училница 10 евра за еден час, во денарска противвредност сметано според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата и

- за закуп на училишна спортска сала 10 евра за еден час, во денарска противвредност сметано според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата.

  Средствата од закупнината се наменети за потребите на Општинските основни училишта.

**Член 4**

Издавањето на училишните спортски сали и другиот простор (холови и училници) во основните училишта на територијата на Општина Карпош се врши преку јавен оглас кој се објавува во средствата за јавно информирање.

**Член 5**

Училишната спортска сала во општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“ нема да биде предмет на издавање на основа на оваа одлука.
Истата ќе биде одстапена без надомест на користење на Друштво за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ КАРПОШ - СОКОЛИ 2000 АД Скопје“.

**Член 6**

Државниот Музичко-Балетски училишен центар „Илија Николовски-Луј“-Скопје, како државно училиште ќе користи училници во Општинското основно училиште „Вера Циривири-Трена“ за одржување на клонска настава по солфеж, пијано и виолина, по завршувањето на редовната настава во училиштето, секој работен ден од 15 часот до 19.30 часот, за месечен надомест во износ од 4.500,00 денари.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 08-4282/3**
**Датум: 11.06.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Одлуката за поништување на Одлука за престанок со работа на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“-општина Карпош, Скопје**

1. Се објавува Одлуката за поништување на Одлуката за престанок со работа на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“-општина Карпош, Скопје, донесена на триесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-4505/2**
**Датум: 12.06.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Мкедонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и шестата седница одржана на 11 јуни 2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за поништување на Одлуката за престанок со работа на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“-општина Карпош, Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се поништува Одлуката за престанок со работа Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“ – Општина Карпош, Скопје.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-4282/4**
**Датум: 11.06.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за поништување на Одлуката за разрешување на директор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“, Општина Карпош Скопје и именување на ликвидатор**

1. Се објавува Одлуката за поништување на Одлуката за разрешување на директор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“, Општина Карпош Скопје и именување на ликвидатор, Скопје, донесена на триесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-4505/3**
**Датум: 12.06.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и шестата седница одржана на 11 јуни 2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за поништување на Одлуката за разрешување на директор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“, Општина Карпош Скопје и именување на ликвидатор**

**Член 1**

Со оваа Одлука се поништува Одлуката за разрешување на директор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“, Општина Карпош Скопје и именување на ликвидатор.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-4282/5**
**Датум: 11.06.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за престанок со работа на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“-општина Карпош, Скопје**

1. Се објавува Одлуката за престанок со работа на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“-општина Карпош, Скопје, донесена на триесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-4505/4**
**Датум: 12.06.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 538 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14 и 138/14) член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Мкедонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и шеста седница одржана на 11 јуни 2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за престанок со работа на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“- општина Карпош, Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука престанува со работа Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“ – Општина Карпош, Скопје и над истото да се спроведе постапка за редовна ликвидација, согласно одредбите од Законот за трговски друштва.

**Член 2**

Се врши промена на називот на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“, Општина Карпош Скопје, во Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР ГАС“, Оштина Карпош Скопје – во ликвидација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“ и ќе биде доставена до Централнот регистар на Република Македонија, на понатамошно постапување по истата

**Број: 08-4282/6**
**Датум: 11.06.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за разрешување на директор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“, Општина Карпош Скопје и именување на ликвидатор**

1. Се објавува Одлуката за разрешување на директор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“, Општина Карпош Скопје и именување на ликвидатор, донесена на триесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-4505/5**
**Датум: 12.06.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 539 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14 и 138/14), како и врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), а согласно Одлуката за престанок со работа на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“-општина Карпош, Скопје, Советот на Општина Карпош, на триесет и шестата седница одржана на 11 јуни 2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за разрешување на директор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“, Општина Карпош Скопје и именување на ликвидатор**

**Член 1**

Со оваа Одлука се разрешува директорот на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“, Општина Карпош- Скопје: Ѓорѓи Гацов, со адресса на живење ул.Влае бр.87-17 Скопје и ЕМБГ 2605951450126.

**Член 2**

За ликвидатор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“, Општина Карпош Скопје се именува Ѓорѓи Гацов, со адресса на живење ул.Влае бр.87-17 Скопје и ЕМБГ 2605951450126.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“ и ќе биде доставена до Централнот регистар на Република Македонија, на понатамошно постапување по истата.

**Број: 08-4282/7**
**Датум: 11.06.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлукта за давање согласност за намена на инвестицијата - проект за реконструкција на улица Б, Г, Д и 13 во населено место Бардовци и изградба на улица 15 во населено место Бардовци**

1.Се објавува Одлуката за давање согласност за намена на инвестицијата – проектот за реконструкција на улица Б, Г, Д и 13 во населено место Бардовци и изградба на улица 15 во населено место Бардовци, донесена на триесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-4505/6**
**Датум: 12.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и шесттата седница, одржана на 11 јуни 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за намена на инвестицијата - проект за реконструкција на улица Б, Г, Д и 13 во населено место Бардовци и изградба на улица 15 во населено место Бардовци**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност за намена на инвестицијата - проект „Реконсктрукција на улица Б, Г, Д и 13 во населено место Бардовци и изградба на улица 15 во населено место Бардовци“, село Бардовци, со технички број ППЖ_088_06/15, н.м. Бардовци.

За реализација на горенаведениот проект се дава согласност општина Карпош да аплицира на Јавниот повик за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година бр.04/2015, објавен од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**Член 2**

Согласно техничката документација, проценетата вредност на проектот изнесува 65.343.660,00 денари.

Финанисрањето на проектот ќе биде обезбедено со Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година за мерка 321 – Развој на јавна инфраструктура во рурални средини, во вредност до 20.000.000,00 денари, додека преостанатите средства за целосно затварање на финансиската конструкција на проектот ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2015 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-4282/8**
**Датум: 11.06.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
м-р Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет на проектот - партерно и хортикултурно уредување на К.П.1713/1 во н.м. Бардовци**

1.Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет на проектот – партерно и хортикултурно уредување на К.П.1713/1 во н.м. Бардовци, донесена на триесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-4505/9**
**Датум: 12.06.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и шесттата седница, одржана на 11 јуни 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на приоритет на проектот за реконструкција на улица Б, Г, Д и 13 во населено место Бардовци и изградба на улица 15 во населено место Бардовци**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува дека проектот – реконструкција на улица Б, Г, Д и 13 во населено место Бардовци и изградба на улица 15 во населено место Бардовци, со технички број ППЖ_088_06/15, н.м. Бардовци, е приоритет за општина Карпош и истиот е вклучен во „Стратешки план за развој на општина Карпош“.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

**Број: 08-4282/9**
**Датум: 11.06.2015 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за давање согласност за намена на инвестицијата - проект партерно и хортикултурно уредување на К.П.1713/1 во н.м.Бардовци**

1.Се објавува Одлуката за давање согласност за намена на инвестицијата – проект партерно и хортикултурно уредување на К.П.1713/1 во н.м. Бардовци, донесена на триесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-4505/8**
**Датум: 12.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и шесттата седница, одржана на 11 јуни 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за намена на инвестицијата - проект партерно и хортикултурно уредување на К.П.1713/1 во н.м.Бардовци**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност за намена на инвестицијата - проект партерно и хортикултурно уредување на К.П.1713/1 во н.м. Бардовци, со технички број 777-06-15.
За реализација на горенаведениот проект се дава согласност општина Карпош да аплицира на Јавниот повик за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година бр.04/2015, објавен од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**Член 2**

Согласно техничката документација, проценетата вредност на проектот изнесува 20.386.438,00 денари.
Финанисрањето на проектот ќе биде обезбедено со Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година за мерка 322 – Обнова и развој на селата, во вредност до 20.000.000,00 денари, додека преостанатите средства за целосно затворање на финансиската конструкција на проектот ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2015 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

**Број: 08-4282/10**
**Датум: 11.06.2015 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет на проектот - партерно и хортикултурно уредување на К.П.1713/1 во н.м. Бардовци**

1.Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет на проектот – партерно и хортикултурно уредување на К.П.1713/1 во н.м. Бардовци, донесена на триесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-4505/9**
**Датум: 12.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и шесттата седница, одржана на 11 јуни 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на приоритет на проектот партерно и хортикултурно уредување на К.П.1713/1 во н.м. Бардовци**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува дека проектот – партерно и хортикултурно уредување на К.П.1713/1 во н.м. Бардовци, со технички број 777-06-15, н.м. Бардовци, е приоритет за општина Карпош и истиот е вклучен во „Стратешки план за развој на општина Карпош“.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

**Број: 08-4282/11**
**Датум: 11.06.2015 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлуката за давање согласност за намена на инвестицијата - проект за реконструкција и рехабилитација на коловоз на улица 10 и 12 н.м.Бардовци и реконструкција на тротоари на станбена улица 10, н.м. Бардовци**

1.Се објавува Одлуката за давање согласност за намена на инвестицијата – проектот за реконструкција и рехабилитација на коловоз на улица 10 и 12 н.м.Бардовци и реконструкција на тротоари на станбена улица 10, н.м. Бардовци, донесена на триесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-4505/10**
**Датум: 12.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и шесттата седница, одржана на 11 јуни 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за намена на инвестицијата - проект за реконструкција и рехабилитација на коловоз на улица 10 и 12 н.м.Бардовци и реконструкција на тротоари на станбена улица 10, н.м. Бардовци**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност за намена на инвестицијата - проект за реконструкција и рехабилитација на коловоз на улица 10 и 12 н.м.Бардовци и реконструкција на тротоари на станбена улица 10, н.м. Бардовци, со технички броеви (тротоари на ул.10 – тех.бр.712-02-15; рехабилитација на ул.10 – тех.бр.704-2-15; рехабилитација на ул.12 – тех.бр.708-02-15).

За реализација на горенаведениот проект се дава согласност општина Карпош да аплицира на Јавниот повик за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година бр.04/2015, објавен од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**Член 2**

Согласно техничката документација, проценетата вредност на проектот изнесува 6.404.848,00 денари.

Финанисрањето на проектот ќе биде обезбедено со Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година за мерка 323 – Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја, во вредност до 15.000.000,00 денари.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 08-4282/12**
**Датум: 11.06.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за утврдување приоритет на проектот - реконструкција и рехабилитација на коловоз на улица 10 и 12 н.м.Бардовци и реконструкција на тротоари на станбена улица 10, н.м. Бардовци**

1.Се објавува Одлуката за утврдување приоритет на проектот - реконструкција и рехабилитација на коловоз на улица 10 и 12 н.м.Бардовци и реконструкција на тротоари на станбена улица 10, н.м. Бардовци, донесена на триесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-4505/11**
**Датум: 12.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и шесттата седница, одржана на 11 јуни 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување приоритет на проектот - реконструкција и рехабилитација на коловоз на улица 10 и 12 н.м.Бардовци и реконструкција на тротоари на станбена улица 10, н.м. Бардовци**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува дека проектот – реконструкција и рехабилитација на коловоз на улица 10 и 12 н.м.Бардовци и реконструкција на тротоари на станбена улица 10, н.м. Бардовци, со технички броеви (тротоари на ул.10 – тех.бр.712-02-15; рехабилитација на ул.10 – тех.бр.704-2-15; рехабилитација на ул.12 – тех.бр.708-02-15), н.м. Бардовци, е приоритет за општина Карпош и истиот е вклучен во „Стратешки план за развој на општина Карпош“.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

**Број: 08-4282/13**
**Датум: 11.06.2015 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Стратешкиот план за развој на Општина Карпош за периодот 2015-2019 година**

1.Се објавува Одлуката за усвојување на Стратешкиот план за развој на Општина Карпош за период 2015-2019 година, донесена на триесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-4505/12**
**Датум: 12.06.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и шестата седница, одржана на 11 јуни 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Стратешкиот план за развој на Општина Карпош за периодот 2015-2019 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Стартешкиот план за развој на Општина Карпош за период 2015-2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

**Број: 08-4282/14**
**Датум: 11.06.2015 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства, донесена на триесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-4505/13**
**Датум: 12.06.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и шестата седница, одржана на 11 јуни 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства**

**Член 1**

Се усвојува барањето за финансиска помош за лекување, бр.10-4107/1 од 01.06.2015 година, доставено од Раде Тасевски.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 100.000.00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2015 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-4282/15**
**Датум: 11.06.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства, донесена на триесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-4505/14**
**Датум: 12.06.2015 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и шестата седница, одржана на 11 јуни 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства**

**Член 1**

Се усвојува барањето за финансиска помош за лекување, бр.08-4281/1 од 01.06.2015 година, доставено од Денис Петковски.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 120.000.00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2015 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 08-4282/16**
**Датум: 11.06.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2015 година**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2015 година, донесена на триесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-4505/15**
**Датум: 12.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005 ,/2008,103/08,156/09,95/10,181/11 И 171/12), Советот на Општина Карпош на триесет И шестата седница одржана на 11 јуни 2015 година, донесе

# О Д Л У К А

**За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Општина Карпош**

**За 2015 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на општина **Општина Карпош**

За **2015** година на следниот начин :

| Потпрограма и назив на потпрограмата / Потставка и опис на потставката | | Буџет | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **F20** | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** | | | | | |
| 425940 | Рушење на објекти | 3.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **FA0** | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)** | | | | | |
| 482920 | Изградба на други објекти | -3.310.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 485420 | Надомест за одземен имот | 2.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J80** | **ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | | | | | |
| 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JD0** | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | | | | | |
| 482130 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | -4.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 464910 | Плаќање по судски решенија | 310.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 0 | 1.000.000 | 0 | 0 |
| 421210 | Централно греење | 0 | 0 | -1.000.000 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 481230 | Реконструкција на деловни објекти | 0 | 180.000 | 180.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | -180.000 | 320.000 | 0 | 0 |
| 421210 | Централно греење | 0 | 0 | -500.000 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина **Општина Карпош** и станува составен дел на Буџетот на општината за **2015** година.

БР. 08-4282/17 11.06.2015 Скопје

**Претседател на Советот на Општина**
**Општина Карпош**
**м-р Сашо Лазаровски,с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решение за изменување дополнување на Решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“-Скопје**

1. Се објавува Решението за изменување дополнување на Решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“-Скопје , донесена на триесет и шестата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-4505/16**
**Датум: 12.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002) и членот 114, ставови 10, 13, 15, 16, 17 и 18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15 и 25/15), Советот на Општина Карпош на триесет и шестата седница, одржана на 11 јуни 2015 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за изменување дополнување на Решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“-Скопје**

**Член 1**

Во Решението за разрешување и именување на членови во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“-Скопје („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2013 и 2/2014 ), членот 5а се менува и гласи:

„Претставникот во управниот одбор на ЈУОДГ „Распеана Младост“, предложен од Министерството за труд и социјална политика и именуван од Советот на Општина Карпош – Роберт Ѓурчевски се разрешува на негово барање.

**Член 2**

По членот 5а, се додава нов член 5б кој гласи:

За претставник од Министерството за труд и социјална политика, на предлог на Министерот за труд и социјална политика во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“-Скопје, се именува:

- Игор Деспотовски“

**Член 3**

Се задолжува Комисијата за прописи на Советот на Општина Карпош да изготви пречистен текст на Решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“-Скопје.

**Член 4**

Оваа решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-4282/18**
**Датум: 11.06.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Одлука за издавање под закуп на училишни спортски сали и друг простор (холови и училиници) во основните училишта на територијата на Општина Карпош, со Решение за објава,
2. Одлука за поништување на Одлуката за престанок со работа на Јавното пртпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“, Општина Карпош, Скопје, со Решение за објава,
3. Одлука за поништување на Одлуката за разрешување на директор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“, Општина Карпош и именување на ликвидатор, со Решение за објава,
4. Одлука за престанок со работа на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“, Општина Карпош, Скопје, со Решение за објава,
5. Одлука за разрешување на директор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“, Општина Карпош и именување на ликвидатор, со Решение за објава,
6. Одлука за давање согласност за намена на инвестицијата – проект за реконструкција на улица Б. Г, Д, и 13 во населено место Бардовци и изградба на улица 15 во населено место Бардовци, со Решение за објава,
7. Одлука за утврдување на приоритет на проектот за реконструкција на улица Б, Г, Д и 13 во населено место Бардовци и изградба на улица 15 во населено место Бардовци, со Решение за објава,
8. Одлука за давање согласност за намена на инвестицијата - проект партерно и хортикултурно уредување на К.П.1713/1 во н.м. Бардовци, со Решение за објава,
9. Одлука за утврдување на приоритет на проектот партерно и хортикултурно уредување на К.П.1713/1 во н.м. Бардовци, со Решение за објава,
10. Одлука за давање согласност за намена на инвестицијата - проект за реконструкција и рехабилитација на коловоз на улица 10 и 12 н.м.Бардовци и реконструкција на тротоари на станбена улица 10, н.м. Бардовци, со Решение за објава,
11. Одлука за утврдување приоритет на проектот - реконструкција и рехабилитација на коловоз на улица 10 и 12 н.м.Бардовци и реконструкција на тротоари на станбена улица 10, н.м. Бардовци, со Решение за објава,
12. Одлука за усвојување на Стратешкиот план за развој на Општина Карпош за период од 2015 до 2019 година, со Решение за објава,
13. Одлука за одобрување на финансиски средства, со Решение за објава,
14. Одлука за одобрување на финансиски средства, со Решение за објава,
15. Одлука за измена на распоредот на средтсвата на Буџетот на Општина Карпош за 2015 година, со Решение за објава и

16. Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и менување членови во управниот одбор на Јавна установа општинска детска градинка „Распеана младост“- Општина Карпош, Скопје, со Решение за објава.

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**